739

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-739/4
24.04.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-739/4
24.04 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 62 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 24.02.2023 година | **Време** | 12.00 – 14.00 часот |
| **Бр. на седница** | 62 седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК<br>8. Христина Конеска Беровка (СЕП)<br>9. Неда Дојчиновска (СЕП)<br>10. Синела Аговиќ Бугариќ (СЕП) | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>6. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | / | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Букурије Јашари | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
| --- |
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 13 и 18.01.2023 година;<br>2. Дискусија за билатералниот состанок за Поглавје 10 кој треба да се одржи на 21 и 22 март 2023 година, во Брисел;<br>3. Разно |
| ; |
| |

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 62-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 61-та седница, одржана на 13 и 18.01.2023 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов, ги информираше присутните за текот на подготовките околу претстојниот билатерален состанок за Поглавјето 10 (Информатичко општество и медиуми), кој треба да се одржи на 21 и 22 март 2023 година, во Брисел. Буковалов истакна дека е именуван за Раководител на работната група за подготовка на преговарачки позиции за преговорите за пристапување на МКД во ЕУ за цело Поглавје 10.

Како Раководител на работната група треба да ја координира и насочува работата на номинираните лица кои ќе бидат дел од делегацијата во Брисел и кои ќе ги презентираат тековните и идните активности во областите електронски комуникации, потоа аудиовизуелни политики, како и услуги на информатичко општество.

Членовите на НКБК дискутираа и се произнесоа по одредени точки кои се дел од агендата за билатералниот состанокот во Брисел, а акцент се стави на делот за сајбер безбедноста.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, Буковалов предложи во работата на Националната канцеларија за бродбенд компетентност како надворешни соработници на нивно

барање да се приклучат Владимир Ристевски, експерт од областа на електронските комуникации и Јулијана Спировска, која има големо искуство и стручност во делот на развојот на електронските комуникациски мрежи. Присутните членови на НКБК едногласно прифатија Ристевски и Спировска да бидат дел од тимот надворешни експерти на телото.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ______________________